III

Оваа одлука влегува во сила на ден 10.2.2025 година, а ќе се објави во Службен весник на Република Северна Македонија.

СОР бр. 2/25
10 февруари 2025 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Душица Димитриеска,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**736.**

Врз основа на член 85 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24, 224/24 и 3/25), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА АЕРОДРОМИ, ОДНОСНО РЕГИСТАРОТ НА ЛЕТАЛИШТА И ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ТЕРЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на аеродроми, односно регистарот на леталишта и евиденцијата на терени.

Член 2

(1) Регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденцијата на терени се водат во електронска форма што овозможува лесна ревизија на содржината.

(2) Содржината на регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденцијата на терени е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст: Агенцијата) по службена должност ги впишува во регистарот на аеродроми, односно регистарот на леталишта, аеродромите и леталиштата за кои има издадено соодветна исправа за исполнување на условите за безбедно користење.

(2) Агенцијата по службена должност го внесува во евиденцијата на терени, теренот кој е одобрен за повеќекратно користење.

Член 4

Измени во регистарот на аеродроми, односно леталишта или во евиденцијата на терени врши Агенцијата по службена должност врз основа на записник од инспекциски надзор со кој е констатирана одредена состојба.

Член 5

(1) При впишувањето на аеродром или леталиште во регистарот на аеродроми, односно регистарот на леталишта, Агенцијата му доделува регистерска ознака, и тоа:

а) за воздухопловни пристаништа регистарската ознака почнува од ВП01;

б) за спортски аеродроми регистарската ознака почнува од СА01;

в) за леталишта регистарската ознака почнува од Л01.

(2) Покрај регистарската ознака од став (1) од овој член, при регистрацијата на воздухопловно пристаниште, Агенцијата на воздухопловното пристаниште му доделува и меѓународна ICAO ознака согласно стандардите и препорачаните практики содржани во ICAO Doc 7910 – Индикатори на локации.

(3) Покрај регистарската ознака од став (1) од овој член, при регистрацијата на спортски аеродром или леталиште, Агенцијата на барање на операторот, односно сопственикот на аеродромот или леталиштето може да му додели меѓународна ICAO ознака согласно стандардите и препорачаните практики содржани во ICAO Doc 7910 – Индикатори на локации.

(4) Меѓународната ICAO ознака од ставовите (2) и (3) на овој член се состои од четири букви од кои првите две букви секогаш се LW_ _.

(5) При евиденција на терен кој е одобрен за повеќекратно користење на хеликоптер се доделува евиденциска ознака на теренот почнувајќи од ТХ01.

(6) При евиденција на терен кој е одобрен за повеќекратно користење на крила за слободно летање или балони се доделува евиденциска ознака на теренот почнувајќи од Т01.

Член 6

Податоците во регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденцијата на терени се јавни.

Регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденцијата на терени се објавуваат на веб страната на Агенцијата.

Агенцијата презема мерки за заштита на податоците од регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденцијата на терени.

Член 7

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистер на аеродроми, регистер на леталишта и евиденција на терени („Службен весник на Република Македонија" бр. 151/07 и 196/18 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 136/19).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 10-138/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно
воздухопловство,
**Драги Стојаноски,** с.р.

**Прилог – Содржина на регистарот на аеродроми, регистарот на леталишта и евиденција на терени**

**РЕГИСТАР НА АЕРОДРОМИ**

| Реден број | Регистарска ознака | ICAO кодна ознака | Име на аеродромот | оператор | Координати на АРП | Исправа УП.бр............ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | издаден на | важи до |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**РЕГИСТАР НА ЛЕТАЛИШТА**

| Реден број | Регистарска ознака | ICAO кодна ознака | Име на аеродромот | оператор | Коортдинати на АРП | Одобрение УП.бр............ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | издадено на | важи до |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ТЕРЕНИ**

| Реден број | Регистарска ознака | Општина, КО, КП | Назив на теренот | корисник | Коортдинати на локацијата | Одобрение УП.бр............ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | издадено на | важи до |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |